19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит	Предметот да е запишан во соодветниот семестар			

20.	Јазик на кој се изведува наставата			Македонски		
21	Метод на следење на квалитетот на наставата			Евалуација / самоевалуација		
22.	Литература					
	Задолжителна литература (до три)					
	22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Р. Угринова-Скаловска	Старословенски јазик	Универзитет „Св. Кирил и Методиј"	1997
		2.	Е. Црвенковска	Старословенска читанка	Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филолошки факултет „Блаже Конески"	2015
		3.	Р. Угринова-Скаловска	Панонски легенди	„Наша книга"	1969
	22.2	Дополнителна литература (до три)				
		Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Г. А. Хабургаев	Старославянский язык	Просвещение. Москва	1986
		2.	М. Л. Ремнёва	Старославянский язык	МГУ, Москва	2011
		3.	St. Damjanović	Staroslavenski jezik	Hrvatska sveučilišna naklada, Zagreb	2005

1.	Наслов на наставниот предмет	**СТАРОГРЧКИ ЈАЗИК (продолжителен курс)**				
2.	Код					
3.	Студиска програма	Општа и компаративна книжевност				
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филозофски факултет Институт за класични студии				
5.	Степен (прв, втор, трет)	прв				
6.	Академска година/семестар	прва / летен	7.	Број на ЕКТС кредити	5	
8.	Наставник	проф. д-р Валериј Софрониевски				
9.	Предуслови за запишување на предметот	нема				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Да се добијат поширок познавања од морфологијата, синтаксата и лексиката на грчкиот јазик и да се стекне опитност во разбирањето и анализата на грчките текстови од разни видови, напишани со различни стилови и ставени во различен културно-историски контекст.					
11.	Содржина на предметната програма: Преку прилагодени и автентични текстови избрани од познати прозни и поетски дела од старата грчка книжевност, студентите ја усвојуваат грчката дескриптивна граматика на повисоко ниво. Редовните толкувања и анализи на текстовите ја истакнуваат важноста на културно-историскиот контекст за правилно исчитување на текстовите. Курсот претставува заокружување на изучувањето на јазикот и културата на старите Грци и исполнување на квантумот знаења претпоставен за солидно познавање на нормативите на старогрчкиот јазик и нивна апликација при филолошка анализа на класичните грчки текстови.					
12.	Методи на учење: - семинари и работилници - вежби - мултимедија и интернет - менторска работа - консултации					
13.	Вкупен расположлив фонд на време	180 часови				
14.	Распределба на расположивото време	60 (2+2) + 120				
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	30 часови		
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови		
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	30 часови		
		16.2	Самостојни задачи	30 часови		
		16.3	Домашно учење	60 часови		
17.	Начин на оценување					
	17.1	Тестови		бодови		
	17.2	Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)		бодови		
	17.3	Активност и учество		бодови		
18.	Критериуми за оценување (бодови / оценка)	до 50 бода	5 (пет) (F)			
		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)			
		од 61 до70 бода	7 (седум) (D)			
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)			
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)			
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)			
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит					
20.	Јазик на кој се изведува наставата	македонски				
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	- континуирана проверка на знаењето - анализа (на усни и писмени презентации)				
22.	Литература					
	22.1	Задолжителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година

		1.	JACT	*Читање грчки - граматика, речник, вежби*	Скопје: ТРИ	2009
		2.	JACT	*Читање грчки - текст*	Скопје: ТРИ	2009
		3.	Валериј Софрониевски	*Морфологија на старогрчкиот јазик*	Скопје: ФзФ	2013
	22.2	Дополнителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Валериј Софрониевски	*Старогрчко-македонски речник (развоен)*	Скопје: ФзФ	2017
		2.	JACT	*The World of Athens*	Cambridge University Press	2008
		3.	Dukat, Z.	*Gramatika grčkoga jezika*	Zagreb: Školska knjiga	1983
		4.	Hornblower, S.- Spawforth, A.	*Oxford Classical Dictionary*, revised third edition	Oxford University Press	2003

1.	Наслов на наставниот предмет	**ЛАТИНСКИ ЈАЗИК (продолжителен курс)**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Општа и компративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)				
5.	Степен (прв, втор, трет)	прв			
6.	Академска година/семестар	I академска година / II семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	проф. д-р Весна Димовска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Студентот да има ислушано Латински јазик (почетен курс)			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Студентите да стекнат темелни знаења од морфологијата и синтаксата на латинскиот јазик, да го збогатат лексичкиот фонд и да се оспособат за самостоен превод и анализа на прилагодени и на одбрани изворни латински текстови. Темелно да ги совладаат наведените јазични структури и да стекнат сигурност и автоматизам во примената на усвоените знаења. Да го зголемат капацитетот и квалитетот на преведување од латински на македонски јазик и да ги прошират своите знаења од областа на римската култура и цивилизација.				
11.	Содржина на предметната програма: Морфологија на името (грчка деклинација, главни, делни и прилошки броеви, показни, односни и неопределени заменки); морфологија на глаголот (конјунктив на времињата од презентска основа, индикатив и конјунктив на времиња од перфектна и партиципска основа, императив II, депоненентни и семидепонентни глаголи, глаголи со посебна конјугација, непотполни глаголи, безлични глаголи, герунд, герундив, супин); синтакса на глаголот (акузатив со инфинитив, номинатив со инфинитив, апсолутен аблатив); синтакса на падежот (акузатив и генитив); синтакса на сложена реченица (прашални, барателни и целни реченици). Детално се анализира функцијата на реченичните конструкции и се развива способност за примена на овие конструкции при превод од латински на македонски јазик. Дескриптивната граматика се аплицира на одбрани прилагодени или изворни латински текстови.				
12.	Методи на учење: - превод и анализа на адаптирани и изворни текстови и реченици - групни и индивидуални граматички вежби - изработка на самостојни задачи (морфолошки табели, есеи, неделни преводи, глосари, подотовка на зададен текст) - презентации (усни и писмени)				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	150 часови			
14.	Распределба на расположивото време	2+2			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	30 часови	
		15.2	Вежби (аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	25 часови	
		16.2	Самостојни задачи	25 часови	
		16.3	Домашно учење	40 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови		Тест 1: минимум 18 максимум 35 бодови	
				Тест 2: минимум 18 максимум 35 бодови	
	17.2	Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)		15 бодови	
	17.3	Активност и учество		15 бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови / оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)	

		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
		од 61 до70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовност на настава и реализација на тековните задолженија	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик	
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	- евалуација - самоевалуација	

22. Литература

22.1 Задолжителна литература

Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Димовска-Јањатова В. – Кочовска-Стевовиќ С.	Vestibulum Latinitatis *Grammatica*	Филозофски факултет	2017
2.	Димовска-Јањатова В. – Кочовска-Стевовиќ С.	Пакет на материјали за предметот Латински јазик – продолжителен курс (вежби, одбрани текстови и прашања)		
3.	Софрониевски В.	Латинско-македонски речник	Бигос	2001

22.2 Дополнителна литература

Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Gortan V. – Gorski O. – Pauš P.	Latinska gramatika	Školska knjiga	2003
2.	Jones P.V. – Sidwell K. C.	Reading Latin	Cambridge University Press	2003
3.				

III СЕМЕСТАР

Предметни програми по задолжителните предмети

1.	Наслов на наставниот предмет		**КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ: ПОЕТИКА НА ОРИЕНТАЛНИТЕ КНИЖЕВНОСТИ**			
2.	Код					
3.	Студиска програма		Општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)		Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: Општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)		Прв циклус			
6.	Академска година/семестар		2 година 3 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник		Проф. д-р Маја Бојаџиевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот					
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Курсот има за цел да ги воведе студентите во системите на старите ориентални книжевности и со културолошката заднина којашто ги определила истите преку традиционалните митолошки и религиски концепти.					
11.	Содржина на предметната програма: Историја на настанокот на Библијата преку презентација и интерпретирање на старите текстови од Хебрејската книжевност и нивната историска заднина. Толкување на Старозаветните и Новозаветните текстови, вклучително со избор текстови од гностичката книжевност. Споредба со избрани текстови од Кур’анот. Толкување на текстови од старата Иранска книжевност (зборник Авеста) и споредување со некои основни текстови на индиската традиција: Веди и ведски циклус, Брахмани и Упанишади, будистичка книжевност. Религиско - филозофските основи на старата индиска книжевност: традиција и континуитет. Од светите книги до книжевноста: старите индиски епови: Махабхарата и Рамајана; Нарација и поетика во Панчатантра и други зборници на раскази. Поетика на индиската драма: од нормативниот спис Натјашастра до драмите на Калидаса.					
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)					
13.	Вкупен расположив фонд на време		150 часови			
14.	Распределба на расположивото време		4+0			
15.	Форми на наставните активности		15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
			15.2	Вежби (лабораториски,аудиториски), семинари, тимска работа	_часови	
16.	Други форми на активности		16.1	Проектни задачи	20 часови	
			16.2	Самостојни задачи	20 часови	
			16.3	Домашно учење	20 часови	
17.	Начин на оценување					
	17.1.	Тестови	70 бодови			
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	_бодови			
	17.3.	Активност и учество	15 бодови			
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска	15 бодови			

		работа				
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)	
				од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)	
				од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)	
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит			Предметот да е запишан во соодветниот семестар		
20.	Јазик на кој се изведува наставата			Македонски		
21	Метод на следење на квалитетот на наставата			Евалуација / самоевалуација		
22.	Литература					
	Задолжителна литература (до три)					
	22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Библија		1990
		2.		Упанишади и Бхагавад Гита	Култура	1994
		3.		Mahabharata		
	22.2	Дополнителна литература (до три)				
		Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	W. Beltz	Biblijskamitologija	GZH	1984
		2.	N. Frye	The Great Code : the Bible and Literature	Harcourt Brace&Routledge	1982
		3.	R. Ivekovic	Poceciindijskemisli	BIGZ	1981

1.	Наслов на наставниот предмет		**КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ: ПОЕТИКА НА КЛАСИЦИЗМОТ**			
2.	Код					
3.	Студиска програма		Општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)		Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: Општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)		Прв циклус			
6.	Академска година/семестар		1 година 2 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник		Проф. д-р Владимир Мартиновски			
9.	Предуслови за запишување на предметот		Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Компаративното проучување на нововековните поетики преку толкување на репрезентативни дела на европскиот книжевен класицизам Компетенции: Способност за книжевно-историска контекстуализација Способност за споредбено проучување на книжевните дела Литературно-теоретски компетенции					
11.	Содржина на предметната програма: Толкувања на поимот класицизам. Однос класицизам-барок. Опозиција класицизам-романтизам. Општествено-политичките и духовните претпоставки за појавата на класицизмот во Европа. Рационалистичката филозофија и класицистичката теориска мисла. Класицизмот како книжевен правец во Европа. Класицизмот како доктрина во Франција – образец на европскиот класицизам. Односот на класицистите кон античките книжевни модели. Класицистичка поетика: Н. Боало: Поетската уметност, А. Поуп: Есеј за критиката. Класицистичка трагедија: П. Корнеј: Сид , Ж. Расин: Федра и Ифигенија. Класицистичка комедија: Ж.-Б. Молиер: Тартиф, К. Голдони: Мирандолина. Однос книжевност-филозофија: Волтер: Кандид, Паскал: Мисли. Басна: Ж. де Лафонтен: Басни.					
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)					
13.	Вкупен расположив фонд на време		150 часови			
14.	Распределба на расположивото време		4+0			
15.	Форми на наставните активности		15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
			15.2	Вежби (лабораториски,аудиториски), семинари, тимска работа	-	
16.	Други форми на активности		16.1	Проектни задачи	20 часови	
			16.2	Самостојни задачи	20 часови	
			16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување					
	17.1.	Тестови	60 бодови			
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	10 бодови			
	17.3.	Активност и учество	10 бодови			
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа	20 бодови			
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)		
			од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)		
			од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)		

					от 71 до 80 бода	8 (осум) (С)
					от 81 до 90 бода	9 (девет) (В)
					от 91 до 100 бода	10 (десет) (А)
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит				Предметот да е запишан во соодветниот семестар	
20.	Јазик на кој се изведува наставата				Македонски	
21	Метод на следење на квалитетот на наставата				Евалуација / самоевалуација	
22.	Литература					
	Задолжителна литература (до три)					
	22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Витановиќ, С. Banja Luka,	Поетика Николе Боалоа и француски класицизам.	СКЗ	1971
		2.	Slaming, I.	Svjetska književnost zapadnog kruga.	Školska knjiga	2001
		3.	Mićević, K.	Renesansa, barok, klasicizam.	Novi glas	1991
	22.2	Дополнителна литература(до три)				
		Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Антологија на светската поезија (том 3)	Арс Ламина публикации	2014
		2.		Антологија на светската поезија (том 2)	Арс Ламина публикации	2016
		3.				

1.	Наслов на наставниот предмет	**ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА: ТЕОРИЈА НА ФИКЦИЈАТА 1**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	2 година 3 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф.д-р Славица Србиновска			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): студентите се воведуваат во подрачјето на теоријата која се фокусира врз значењето на постапките на ***претставување*** на стварноста (мимесис / диегесис) и поимањето на категоријата стварност. Во исто време се тематизира улогата на медиумите низ кои се претставува стварноста, се испитуваат причините за појавата на потребата за претставување и продукција на фикцијата. Се испитува онтолошкиот и гносеолошкиот статус на условно поделените подрачја на фикционални и нефикционални форми на претставување. Се преиспитуваат историските контексти и постапките на продукција и толкување на разликата и сличностите меѓу фикционалните и нефикционалните дискурси/текстови, се проблематизира постоењето на стабилни и зададени категории на фикција , убавина, вистина, вредност.				
11.	Содржина на предметната програма: испитување на претставувањето во фикцијата, проблематизирање на причините за продукција на „претставена стварност“ и однос кон неа, кон стварноста. Врз основа на филозофијата, теоријата и историјата на уметноста се тематизира поимот „подражавање“ (во контекст на различни филозофски и теоретски системи) и се толкува односот на уметноста кон стварноста со преиспитувања и на улогата на јазикот во тоа. Фикцијата се објаснува преку однос со категориите стварност, вистина, веројатност, можност, веродостојност. Истовремено се посветува внимание на автономијата на феноменот фикција - фикционален свет, се анализира т.н. дискурс на фикцијата наспроти другите дискурзивни системи, како и аспектите и постапките низ кои се создава и објаснува. Во овој контекст се вклучува истражувањето на разликите меѓу медиумите на претставување со слика, збор, мимика, гест. Во согласност со филозофските концепции (П.Рикер) се толкуваат етапите на продукција, на обликување и читање на фикцијата, односно етапите на пре-фигурација, кон-фигурација и ре - фигурација на фикцијата. Феноменот на подражавање или мимезис се толкува во два контексти, како вид на субверзија, како креација, но и како форма на репресија и норма. Фикцијата се толкува во сферата на уметноста, а со интердисциплинарни пристапи се анализира и преку односите со религијата, науката и моралот. Предмет на проучување се и усмената и писмената книжевност. Усмените и писмените текстови се карактеризираат со разлики во медиумскиот трансфер, тие се компарираат, а се толкуваат низ призма на историјата на книжевноста, особено во текстовите кои се создадени како сложена интертекстуалната мрежа од значења.				
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)				
13.	Вкупен расположив фонд на време	150 часови			
14.	Распределба на расположивото време	4+0			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари,	_часови	

			тимска работа		
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	20 часови	
		16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови	90 бодови		
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	_бодови		
	17.3.	Активност и учество	10 бодови		
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа	10 бодови		
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)	
			од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит		Предметот да е запишан во соодветниот семестар		
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски јазик		
21	Метод на следење на квалитетот на наставата		Евалуација / самоевалуација		

22. Литература

Задолжителна литература (до три)

22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Аристотел	Поетика	Македонска книга, Скопје	1977
	2.	Жан Мари Шефер	Зашто фикција?	Светови, Нови Сад	2001
	3.	Славица Србиновска	Подвижниот посматрач во роман*от*	Сигмапрес, Скопје	2000

22.2 Дополнителна литература (до три)

Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Mike Bal	Naratologija: teorija priče i pripovedanja	Narodna knjiga-Alfa, Beograd	2000
2.	Vladimir Biti	Suvremena teorija pripovjedanja	Globus, Zagreb	1992
3.	Džonatan Kaler	Teorija književnosti	Službeni glasnik, Beograd	2010

Предметни програми по изборни предмети од листа 1

СТРАНСКИ ЈАЗИК 3

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се изучуваат следниве странски јазици (по азбучен ред): албански, англиски, германски, италијански, јапонски, кинески, корејски, полски, португалски, романски, руски, словенечки, српски, турски, украински, унгарски, хрватски, француски и чешки јазик.
Предметните програми за овие јазици можат да се консултираат во прирачните книги на соодветните катедри.

1.	**Наслов на наставниот предмет**	**ЕСТЕТИКА**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Општа и компаративна книжевност – изборен			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за филозофија			
5.	Степен (прв, втор, трет)	Прв			
6.	Академска година/семестар	зимски	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф.д-р Иван Џепароски			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Совладување на поимно-категоријалниот систем на естетиката и стекнување со научни и продлабочени знаења за естетиката како филозофска дисциплина.				
11.	Содржина на предметната програма: Естетиката и филозофијата на уметноста. Убавината и уметноста. Теориите за уметноста (мимесис, форма, израз, игра, творештво, институција). Естетичките категории (убаво, грдо, трагично, комично, возвишено). Естетското доживување и вреднување. Поодделните уметности (танц, архитектура, сликарство, фотографија, филм итн.). Естетиката и книжевноста.				
12.	Методи на учење: Предавања, дискусии, презентации, посета на институции од областа на културата и уметноста и индивидуална работа.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	150 часа			
14.	Распределба на расположивото време	2 + 2			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	30 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	30 часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	30 часови	
		16.3	Домашно учење	70 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1	Тестови или устен испит		70 бодови	
	17.2	Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)		15 бодови	
	17.3	Активност и учество		15 бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови / оценка)	до 50 бода		5 (пет) (F)	
		од 51 до 60 бода		6 (шест) (E)	
		Од61 до 70 бода		7 (седум) (D)	
		Од71 до 80 бода		8 (осум) (C)	
		од 81 до 90 бода		9 (девет) (B)	
		од 91 до100 бода		10 (десет) (A)	
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовност во наставата и реализација на тековните задолженија.			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Евалуација и самоевалуација			

22.	Литература					
	22.1	Задолжителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Иван Џепароски	**Естетика на возвишеното**	Скопје: Магор	2008
		2.	Иван Џепароски	**Култура и книжевност**	Скопје: Магор	2016
		3.				
	22.2	Дополнителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Иван Џепароски	**Убавина и уметност**	Скопје: Магор	2005
		2.	Иван Џепароски	**Став и суштина**	Скопје: Дијалог	2010
		3.	W.Tatarkiewicz	**A History of Six Ideas**	The Hague-Warszawa: M.Nijhoff/PWN	1980

ВТОР СТРАНСКИ ЈАЗИК 1 И 2 се избира од понудената листа на странски јазици што се изучуваат на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

IV СЕМЕСТАР
Предметни програми по задолжителните предмети

<table>
<tr><td>1.</td><td>Наслов на наставниот предмет</td><td colspan="4">КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ:
ПОЕТИКА НА РОМАНТИЗМОТ</td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Код</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Студиска програма</td><td colspan="4">Општа и компаративна книжевност</td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Организатор на студиската програма
(единица, односно институт, катедра, оддел)</td><td colspan="4">Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје
Катедра: Општа и компаративна книжевност</td></tr>
<tr><td>5.</td><td>Степен (прв, втор, трет циклус)</td><td colspan="4">Прв циклус</td></tr>
<tr><td>6.</td><td>Академска година/семестар</td><td>2 година
4 семестар</td><td>7.</td><td>Број на ЕКТС кредити</td><td>5</td></tr>
<tr><td>8.</td><td>Наставник</td><td colspan="4">Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска</td></tr>
<tr><td>9.</td><td>Предуслови за запишување на предметот</td><td colspan="4">Нема</td></tr>
<tr><td>10.</td><td colspan="5">Цели на предметната програма (компетенции):
Компаративно проучување на поетиката на романтизмот преку најпарадигматични примери од европскиот романтизам
Литературно-теоретски компетенции
Способност за контрастивен пристап (јазичен-литературен), (културно-цивилизациски пристап)
Способност за примена на литературните и на јазичните содржини на предметите</td></tr>
<tr><td>11.</td><td colspan="5">Содржина на предметната програма:
Романтизмот како стилска формација.
Општествено-политички и духовни претпоставки за појавата на романтизмот во Европа.
Култ кон природатаи односот кон фолклорот.
„Светската болка”како одговор на (пред)романтичарската анксиозност од нормалноста.
Интересот за ирационалното:од готикадо фантастичен расказ.
Романтизам vs. ориентализам или копнеж по другаде: егзотизам / еротизам / демонизам.
Романтичната душа и сонот/лудилото/музиката или релација: стварност-идеал.
Книжевни видови и хибридни жанри во романтизмот: лирска песна, поема, балада, драмски еп во стихови, уметничка бајка, ониричка проза, песна во проза, епистоларен роман, роман во стихови, историски роман, мемоари, автобиографија, патопис...
Типови романтичарски ликови: благороден дивјак, аутсајдер, фатален јунак, мртва сакана, двојник...
Теоријата на гротеската и другите поетички автометатекстови . Романтичарска иронија.
Толкување на репрезентативни текстови од најзначајните претставници на европскиот романтизам.Книжевно-историско и поетичко значење на романтизмот за понатамошниот развој на европската книжевност и култура . Актуелизација на романтизмот преку филмувани биографии.</td></tr>
<tr><td>12.</td><td colspan="5">Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)</td></tr>
<tr><td>13.</td><td>Вкупен расположив фонд на време</td><td colspan="3">150 часови</td></tr>
<tr><td>14.</td><td>Распределба на расположивото време</td><td colspan="3">4+0</td></tr>
<tr><td rowspan="2">15.</td><td rowspan="2">Форми на наставните активности</td><td>15.1</td><td>Предавања-теоретсканастава</td><td>60 часови</td></tr>
<tr><td>15.2</td><td>Вежби (лабораториски,аудиториски), семинари, тимска работа</td><td>_часови</td></tr>
<tr><td rowspan="2">16.</td><td rowspan="2">Други форми на активности</td><td>16.1</td><td>Проектни задачи</td><td>20 часови</td></tr>
<tr><td>16.2</td><td>Самостојни задачи</td><td>20 часови</td></tr>
</table>

			16.3	Домашно учење	50 часови
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови		80 бодови	
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиторски вежби		_бодови	
	17.3.	Активност и учество		10 бодови	
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа		10 бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)
				од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
				од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит			Предметот да е запишан во соодветниот семестар	
20.	Јазик на кој се изведува наставата			Македонски	
21	Метод на следење на квалитетот на наставата			Евалуација / самоевалуација	

22. Литература

Задолжителна литература (до три)

22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Petrović S. и др. (ур.)	Povijest svjetske književnosti кн. 3-7	Zagreb, Mladost	1974-1982
	2.	Prac, Mario	Agonija romantizma	Beograd, Nolit	1976
	3.	Фире, Франсоа (прир.)	Ликови романтизма	Београд, Clio	2009

22.2 Дополнителна литература (до три)

Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Beker, Miroslav	Povijest književnih teorija	Zagreb, SNL	1979
2.	Berlin, Isaija	Koreni romantizma	Beograd, Sl. glasnik	2006
3.		Антологија на светската поезија, том 4 (XVII-XIX век)	Скопје, Арс ламина - публикации	2015

1.	Наслов на наставниот предмет	**КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ: КНИЖЕВНОСТА И ЛИКОВНИТЕ УМЕТНОСТИ**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: Општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	2 година 4 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф. д-р Владимир Мартиновски			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Преку проучување на основните облици на интермедијални релации меѓу книжевноста и визуелните уметности, со посебен осврт на моделите на екфразис во поезијата, предметот има за цел да ги развива следниве компетенции: Способност за интермедијални проучувања на реласија книжевност – ликовна уметност Способност за користење наставни средства и медиуми Способност за корелација и интеграција на содржини од компатибилни наставни предмети: историја на уметноста / филозофија / естетика				
11.	Содржина на предметната програма: Релациите текст-слика се проучуваат како на ниво на естетска продукција така и на ниво на рецепција, преку споредбени анализи на одликите на трансмедијалниот, мултимедијалниот, мешаниот и синкретичниот дискурс. Предметот ги проследува основните облици на интремедијална комуникација меѓу книжевноста и ликовните уметности преку проучување на репрезентативни примери: дефинирање и типологија на екфразисот, фото-роман, илустриран роман, илуминација, стрип, калиграм, хаига, визуелна, пиктурална, конкретна, видео и дигитална поезија.				
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)				
13.	Вкупен расположив фонд на време	150			
14.	Распределба на расположивото време	4+0			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски,аудиториски), семинари, тимска работа	-	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	20 часови	
		16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови	60 бодови		
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	-		
	17.3.	Активност и учество	20 бодови		
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа	20 бодови		
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	

		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
		од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит	Предметот да е запишан во соодветниот семестар	
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски	
21	Метод на следење на квалитетот на наставата	Евалуација / самоевалуација	

22. Литература

Задолжителна литература (до три)

22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Мартиновски, В.	Од слика до песна, интерференции меѓу македонската современа поезија и ликовните уметности	Магор	2003
	2.	Мартиновски, В, прир. Скопје, 2009	Ut pictura poesis	СВП	2006
	3.	Мартиновски, В.	Слики за читање - аспекти на екфразиската поезија	Магор	2009

22.2	Дополнителна литература(до три)				
	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Хоек, Л.	„Интерсемиотичка транспозиција – кон една прагматска класификација“,	Менора / Евро-Балкан	2007
	2.	Maroević, T.	Napisane slike	Zagreb	2007
	3.	Османли, Т.	Стрип - запис со човечки лик: антропоморфизмот во стрипот	Култура	2002

1.	Наслов на наставниот предмет	**ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА: ТЕОРИЈА НА ФИКЦИЈАТА 2**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра:			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	2 година 4 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф.д-р Славица Србиновска			
9.	Предуслови за запишување на предметот				
10.	Цели на предметната програма (компетенции): курсот ја проучува фикцијата во современата култура определена како комплексен феномен. Во неа се анализира мулти-медијалната продукција и се изведува компарација на разликите и сличностите на постапките на претставувањето применети во одделните видови фикција, во прозата, драмата, филмот, театарот. Се развиваат компетенции за креативно мислење и толкување на текстот и контекстот, се толкуваат идеите за поимање на фикцијата низ епохите и во нив се толкуваат причините за примена на различни постапки при структурирање на текстовите кои зависат од стварноста во која се создаваат. Се испитува корелацијата и интеграцијата на содржини од теоријата на книжевноста со компатибилни содржини од наставните предмети: филозофија/ антропологија /социологија.				
11.	Содржина на предметната програма: фикцијата се толкува врз основа на разновидни текстови произлезени од историски определени културолошки и стварносни контексти. Се анализира нивната структурата, но се истражуваат и теориите кои инсистираат на автономија на уметничкиот текст. Се проучуваат иманентните закони на фикционалните дела: прозни, драмски, филмски, театарски текстови. Се објаснува феноменот на адаптација на еден текст во друг медиум. Се проучуваат симптомите и аспектите на наративните структури: настан, перформативност / субјект, тело, перспектива / перцепција, брзина / темпо / процес, движење / време, меморија, дистанца / близина, моќ, убедување / претстава, ситуација, посредување, траума, доживување / објаснување, отелотворено мислење, предрасуда, первертирање и реверзибилно конструирање на претставувањето.Се интерпретираат конвенциите на поезијата наспроти прозата (песна, роман, расказ, автобиографија, мемоари, микрофикција и др.), на драмата (трагедија, комедија, мелодрама и др.), филмот, театарот. Се истражува воспоставувањето и оправданоста на критериумите за типологија и разликите меѓу видовите на прозните, драмските или поетските дела. Се применува компаративно толкување, интертекстуална анализа и културолошко контекстуализирање на книжевно-уметничките феномени.				
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)				
13.	Вкупен расположив фонд на време	150 часови			
14.	Распределба на расположивото време	4+0			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	_часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	20часови	

			16.3	Домашно учење	50 часови
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови		70 бодови	
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиторски вежби		_бодови	
	17.3.	Активност и учество		10 бодови	
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа		20 бодови	
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)
				од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)
				од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит			Предметот да е запишан во соодветниот семестар	
20.	Јазик на кој се изведува наставата			Македонски јазик	
21	Метод на следење на квалитетот на наставата			Евалуација / самоевалуација	

22. Литература

Задолжителна литература (до три)

22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Pol Riker	Vreme i priča	IK Zorana Stojanovića, Sremski Karlovci	1993
	2.	Славица Србиновска	Субјект, книжевност, култура	Сигмапрес, Скопје	2006
	3.	Gerard Genette	Metalepsa: od figure do fikcije	Disput, Zagreb	2006

22.2 Дополнителна литература (до три)

Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Manfred Pfister	Drama, teorija, analiza	Zagreb Hrvatski centar ITI	1998
2.	Šlomit Rimon Kenan	Narativna proza: savremena poetika	Narodna knjiga -Alfa, Beograd	2007
3.	Cvjetko Milanja	Autor, pripovjedač, lik	Svjetla grada, Zagreb	1999

Предметни програми по изборните предмети од листа 1

СТРАНСКИ ЈАЗИК 4

На Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ се изучуваат следниве странски јазици (по азбучен ред): албански, англиски, германски, италијански, јапонски, кинески, корејски, полски, португалски, романски, руски, словенечки, српски, турски, украински, унгарски, хрватски, француски и чешки јазик.
Предметните програми за овие јазици можат да се консултираат во прирачните книги на соодветните катедри.

1.	**Наслов на наставниот предмет**	**СОВРЕМЕНИ ФИЛОСОФСКИ ПРАВЦИ**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Филозофија			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Институт за филозофија			
5.	Степен (прв, втор, трет)	Прв			
6.	Академска година/семестар	2 година/ 4 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	6
8.	Наставник	Доц. д-р Ристо Солунчев			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Цели на предметот се студентите да добијат продлабочени сознанија за основните филозофски проблеми и за најзначајните филозофски идеи во современата западноевропска, да развијат критичка способност за филозофска анализа на доминантните филозофски прашања, да развијат способност да ги интерпретираат, анализираат и оценуваат автентичните филозофски текстови и притоа соодветно да ја користат секундарната литература.				
11.	Содржина на предметната програма: Предметот „Современи филозофски правци“ се фокусира на презентирање и анализирање на главните филозофски идеи и проблеми во историјата на современата западноевропската филозофија. Се анализира пост-хегеловската ситуација и филозофијата на опозицијата кон Хегел: Шопенхауер, Киркегор, Ниче, Маркс. Потем, се анализираат главните филозофски дискурси и дивергенции во 20 век како Бергсонизмот, Феноменологијата, Егзистенцијализмот, Логичкиот позитивизам и аналитичката филозофија, Прагматизмот, Структурализмот и пост-структурализмот, Херменевтиката и Постмодернизмот.				
12.	Методи на учење преку индивидуалната и групната работа. Притоа ќе бидат користени монолошкиот, дијалошкиот, текст методот, методот на демонстрација, херменевтичкиот и проблемско-истражувачкиот метод.				
13.	Вкупен расположлив фонд на време	150			
14.	Распределба на расположивото време	2+2			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања – теоретска настава	60 часови	
		15.2	Вежби	30 часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	15 часови	
		16.2	Самостојни задачи	25 часови	
		16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1 Тестови	Тест 1: минимум 18 максимум 35 бодови			
		Тест 2: минимум 18 максимум 35 бодови			
	17.2 Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна)	15 бодови/ 10 бодови			
	17.3 Активност и учество	5 бодови			
18.	Критериуми за оценување (бодови / оценка)	до 51 бода	5 (пет) (F)		
		од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)		
		од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)		
		од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)		
		од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)		
		од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)		
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит	Редовност во наставата и реализација на тековните задолженија			
20.	Јазик на кој се изведува наставата	Македонски јазик			
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата	Евалуација и самоевалуација			
22.	Литература				

	22.1	Задолжителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Год.
		1.	Šopenhauer, Artur	*Svet kao volja i pretstava*	Beograd: Grafos	1981
		2.	Kjerkegor, Soren	*Ili-Ili*	Beograd: Grafos	
		3.	Niče	*Genealogija morala*		
	22.2	Дополнителна литература				
		Р. бр.	Автор	Наслов	Издавач	Год.
		1.	Miloševic, Nikola	*Filozofija strukturalizma*	Beograd	
		2.	Мухиќ, Ферид	*За смислата и доблеста*	Скопје/Битола	1997
		3.	Lechte, John	*Fifty Key Contemporary Thinkers*	London: Routledge University press	2008

ВТОР СТРАНСКИ ЈАЗИК 2

ВТОР СТРАНСКИ ЈАЗИК 1 И 2 се избира од понудената листа на странски јазици што се изучуваат на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“

V СЕМЕСТАР

Предметни програми по задолжителните предмети

1.	Наслов на наставниот предмет	**КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ: КНИЖЕВНОСТ , ФИЛМ И КУЛТУРА**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	3 година 5 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф.д-р Славица Србиновска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): компаративна анализа на визуелните аспекти на книжевноста и книжевните аспекти на филмската адаптација. Интерпретацијата на културните артефакти се изведува во зависност од материјалноста на различниот медиумот. Студентите развиваат компетенции за интерпретација на нарацијата како конститутивно начело и критериум за компарација на книжевноста и филмот како текстуални форми во културата. Истражувањето ги опфаќа почетоците на фотографијата, потоа историјата на развојот на филмската уметност и промените кои се востановуваат кога се говори за епохата на дваесеттиот век настанати под влијание на техничките откритија.				
11.	Содржина на предметната програма: нарацијата како конститутивно начело и критериум за компарација на книжевноста филмот согледани како два вида текстови на културата што упатува на литературните слики, на визуелното читање на книжевноста, но и на книжевното читање на филмот. Наставата обезбедува вовед во основните аспекти на филмската уметност во корелација со книжевноста: дискурс, приказна, нарација / монтажа; простор, време, собитие, опис / кадар, план, лик во романот / филмот, идентитет на сликата и движењето, перцептивна, афективна, дејствувачка слика (Жил Делез). Се анализираат трансформациите произлезени од промената на медиумот и процедурата на продукција на сценарио. Се прави компаративно толкување, интертекстуална анализа, културолошко контекстуализирање на книжевно-уметничките феномени. Значаен аспект на толкувањата се импликациите на телото во доменот на филмот/литературата. Телото како посредник, агенс и продуктивен инструмент, како нормативна конструкција, како претставен објект, како цел на политички интервенции. Во исто време, телото се толкува како рамна површина и се интерпретира од две гледни точки, како активен агенс и како пасивен објект на културни дејствувања. Тоа се толкува како појава/место на насилни и трауматизирачки искуства кои оставаат, впишуваат неизбришливи траги. Телото се интерпретира како субјект и како предмет на желбата, како потчинето единство, место на проблематизирање на критериумот здраво, нормално однесување, а наспроти тоа се проблематизира обележувањето на субјектот со болест. Проблематизирање на комплексноста на знакот во двата медиума, која се поврзува со синтетизирање на дејството на зборот, сликата, звукот. Тело / сетила / ум, наука, технологија. Компаративно толкување, интертекстуална анализа, културолошко контекстуализирање на книжевно-уметничките феномени.				
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)				
13.	Вкупен расположив фонд на време	150 часови			
14.	Распределба на расположивото време	4+0			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	

		15.2	Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа	_часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	20 часови	
		16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови	70 бодови		
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	_бодови		
	17.3.	Активност и учество	10 бодови		
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа	20 бодови		
18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)		до 50 бода	5 (пет) (F)	
			од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)	
			од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)	
			од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
			од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
			од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит		Предметот да е запишан во соодветниот семестар		
20.	Јазик на кој се изведува наставата		Македонски јазик		
21	Метод на следење на квалитетот на наставата		Евалуација / самоевалуација		

22. Литература

Задолжителна литература (до три)

22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
	1.	Мике Бал	Литературни слики: визуелно читање на Пруст	Сигмапрес, Скопје	2004
	2.	Славица Србиновска	Визуелни стратегии	Сигмапрес, Скопје	2008
	3.	Jurij Lotman	Semiotika filma i problemi filmske estetike	Institut za film, Beograd	1976

22.2 Дополнителна литература (до три)

Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
1.	Žil Delez	Pokretne slike	IK Zorana Stojanovića, Novi Sad	1999
2.	Deniel Eridžon	Gramatika filmskog jezika	Studentski kulturni centar, Beograd	1998
3.	Anet Mikelson	Filozofska igračka	Samizdat B92,Beograd	2003

1.	Наслов на наставниот предмет	**КОМПАРАТИВНИ ПОЕТИКИ: ПОЕТИКА НА СИМБОЛИЗМОТ**			
2.	Код				
3.	Студиска програма	Општа и компаративна книжевност			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: Општа и компаративна книжевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	Прв циклус			
6.	Академска година/семестар	3 година 5 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник	Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска			
9.	Предуслови за запишување на предметот	Нема			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): Компаративно проучување на поетиката на симболизмот преку најпарадигматични примери од европскиот симболизам Литературно-теоретски компетенции Способност за анализа на релација текст/контекст Способност за контрастивен пристап (јазичен-литературен), (мајчин-странски јазик), (културно-цивилизациски пристап)				
11.	Содржина на предметната програма: Границите на модерната поезија: поим, генеза и главни претставници. Временски и просторни координати на симболизмот. Од естетика на грдото кон естетика на злото. Главни линии во развојот на модерната поезија: афективна, интелектуална и имагинативна и нивните репрезентативни претставници. Најава на симболизмот: парнасизам и декадентизам. Манифестот на симболизмот. Основни одлики на поетиката на симболизмот. Магијата на поетскиот јазик. Индивидуализација на симболот (знак/амблем). Симболизмот во драмата. Интерпретација на текстови и на индивидуални поетики. Рефлексии на поетиката на симболизмот во современата македонска поезија.				
12.	Методи на учење: предавања и вежби, консултации, проектна (домашна, семинарска) задача, домашно учење (подготовка на испит)				
13.	Вкупен расположив фонд на време	150 часови			
14.	Распределба на расположивото време	4+0			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Предавања-теоретска настава	60 часови	
		15.2	Вежби (лабораториски,аудиториски), семинари, тимска работа	_часови	
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	20 часови	
		16.2	Самостојни задачи	20 часови	
		16.3	Домашно учење	50 часови	
17.	Начин на оценување				
	17.1.	Тестови	80 бодови		
	17.2.	Успешно реализирани лаборато-риски/аудиториски вежби	_бодови		
	17.3.	Активност и учество	10 бодови		
	17.4.	Домашна задача и/или семинарска работа	10 бодови		

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)			до 50 бода	5 (пет) (F)	
				од 51 до 60 бода	6 (шест) (E)	
				од 61 до 70 бода	7 (седум) (D)	
				од 71 до 80 бода	8 (осум) (C)	
				од 81 до 90 бода	9 (девет) (B)	
				од 91 до 100 бода	10 (десет) (A)	
19.	Услови за потпис и полагање на завршен испит			Предметот да е запишан во соодветниот семестар		
20.	Јазик на кој се изведува наставата			Македонски		
21	Метод на следење на квалитетот на наставата			Евалуација / самоевалуација		
22.	Литература					
	Задолжителна литература (до три)					
	22.1	Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Vilson, E.	Akselov zamak ili o simbolizmu	Beograd, Kultura	1964
		2.	Petrović S. и др. (ур.)	Povijest svjetske književnosti кн. 3-7	Zagreb, Mladost	1974-1982
		3.	Friedrich, H.	Struktura moderne lirike.	Zagreb, Stvarnost	1989 (I izd.: 1969)
	22.2	Дополнителна литература (до три)				
		Ред.број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.		Антологија на светската поезија, том 4 (XVII-XIX век)	Скопје, Арс ламина – публикации	2015
		2.	Vuković, Đ.	Sinestezija u poeziji	SremskiKarlovci, Novi Sad, IKZS	2010
		3.	Капушевска-Дракулевска, Л.	Поетика на несознајното	Скопје, Магор	2001

1.	Наслов на наставниот предмет		**ТЕОРИЈА И МЕТОДОЛОГИЈА НА КНИЖЕВНОСТА: КРИТИЧКИ МЕТОДИ 1**			
2.	Код					
3.	Студиска програма		ОКК			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)		Филолошки факултет „Блаже Конески “ – Скопје Катедра: Општа и компаративна нижевност			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)		Прв циклус			
6.	Академска година/семестар		3 година 5 семестар	7.	Број на ЕКТС кредити	5
8.	Наставник		Проф. д-р Елизабета Шелева			
9.	Предуслови за запишување на предметот		Не			
10.	Цели на предметната програма (компетенции): запознавање на студентите со компаративната книжевно-научна методологија, базичната терминологија и настанок на ова дисциплина, комплементарниот сооднос со книжевната теорија					
11.	Содржина на предметната програма: книжевно-научната методологија како дисциплина, основоположнички школи - позитивизам, руска формална школа, типологија на методолошки пристапи во проучувањето на литературата, методолошки плурализам					
